Дневни билтени

2015
Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември
2016
2017
2018
2019
2020

# Извадок на дел од дневни настани 19.12.2020

На 18.12.2020 во 20.30 часот на бул.„Октомвриска револуција" во Куманово, полициски службеници од СВР Куманово од слобода го лишиле Е.А.(27) од Куманово, затоа што при преглед кај него била пронајдена марихуана. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 18.12.2020 во 16.40 часот во Демир Хисар, полициски службеници од Полициската станица Демир Хисар од слобода го лишиле Л.М.(20) од Демир Хисар, затоа што при преглед кај него била пронајдена прашкаста материја. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 18.12.2020 во 16.40 часот на ул.„Борка Утото" во Прилеп, полициски службеници од Полициската станица Прилеп од слобода го лишиле Г.К.(29) од Прилеп, затоа што при преглед кај него биле пронајдени марихуана и дигитална вага. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 18.12.2020 околу 21.05 часот во Тетово, полициски службеници од СВР Тетово од слобода ги лишиле М.Р.(33) од Тетово и Х.С.(30) од Германија, а со престојувалиште во Тетово, затоа што при преглед кај нив била пронајдена марихуана. Тие биле приведени во полициска станица и по целосно документирање на случајот, против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 18.12.2020 во 12.30 часот во Полициската станица Кисела Вода, В.П.(47) од Скопје пријавил дека на ул.„ Дренак" бил каснат од куче скитник.

На 18.12.2020 во 19.45 часот на Плоштад Македонија во Скопје, полициски службеници од СВР Скопје ги лишиле од слобода А.Д.(25) и О.Б.(32), двајцата од Скопје, затоа што кај нив биле пронајдени пиротехнички средства. Тие биле приведени во полициска станица и по целосно документирање на случајот против нив ќе бидат поднесени пријави по Законот за заштита од експлозивни материи.

На 18.12.2020 во 13.50 часот во Полициската станица Аеродром, Н.К.(43) од Скопје пријавила дека на бул.„Митре Влаот" била касната од куче скитник.

На 18.12.2020 во 16.35 часот во Радовиш, полициски службеници од Полициската станица Радовиш го лишиле од слобода В.А.(41) од Радовиш, затоа што при претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, биле пронајдени марихуана и таблети. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 18.12.2020 во 15.15 часот во Радовиш, полициски службеници од Полициската станица Радовиш го лишиле од слобода З.М.(44) од Радовиш, затоа што при претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, биле пронајдени марихуана, дробилка со остатоци од марихуана и воздушна пушка. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против Џ.И.(41) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични droги, психотропни супстанции и прекурсори". На 14.12.2020 на ул.„Индира Ганди", полициски службеници извршиле преглед над пријавениот, при што пронашле и одзеле марихуана. На 15.12.2020, врз основа на судска наредба, тој бил спроведен во Затвор Скопје.

ОВР Крушево поднесе кривична пријава против В.Ф.(36) од Крушево поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи". На 14.11.2019, пријавениот, поради претходно недоразбирање, отишол пред домот на З.Р. од Крушево и упатувал закани, поради што бил повикан во Полициската станица Крушево за да го предаде оружјето што го поседувал. Иако В.Ф. се согласил, не го донел ни оружјето, ниту дозволата за негово поседување. Притоа, било донесено Решение за привремено одземање на дозволата за оружје, оружјето како и муницијата, но пријавениот одбил да го прими Решението и да го предаде оружјето.

На 18.12.2020 година, полициски службеници од СВР Тетово го лишиле од слобода Т.М.(37), поради тоа што физички ја нападнал неговата 35-годишна сопруга. Тој бил приведен и задржан во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 18.12.2020 во Полициска станица Центар бил приведен С.А.(54) од с.Пепелиште, неготинско, поради тоа што, според пријавата добиена околу 20.45 часот во СВР Скопје, во сутеренот од трговски центар на подрачјето на Центар во Скопје, при физичка пресметка помеѓу С.С.(66) од с.Зелениково, скопско и С.А., С.А. со остар предмет му нанел повреда на С.С.. По целосно документирање на случајот, против С.А. ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 18.12.2020 околу 22.30 часот на автопат Табановце - Куманово, на Граничен премин Табановце, се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко возило „опел инсигниа", со италијански национални ознаки, управувано од А.Р.(47) од с.Желино, патничко возило „цитроен", со кумановски регистарски ознаки, управувано од Љ.А.(18) од Куманово и патничко возило „фолксваген пасат", со словенечки национални ознаки, управувано од Г.И.(52) од с.Истибања, виничко. Притоа, возилото „опел инсигниа" удрило во кабина за пасошка контрола, во која се наоѓал полицискиот службеник Е.Ф.. Во незгодата, Е.Ф. се здобил со повреди, констатирани во Ургентен центар при Комплекс клиники „Мајка Тереза" - Скопје. Увид на местото на незгодата извршила екипа на СВР Куманово.

На 18.12.2020 во 10.30 часот во Полициската станица Крушево, 42-годишна жена од Прилеп пријавила дека во средно училиште во Крушево Д.К.(54), професор во училиштето, се обидел да изврши обљуба врз нејзината малолетна ќерка. Д.К. бил приведен и задржан во Полициска станица Прилеп и по целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Неготино поднесе кривична пријава против против А.Ш.(48) од с.Тремник, неготинско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". На 12.12.2020, пријавениот се движел на јавно место во Неготино, со што постапил спротивно на издадено Решение од ДСЗИ за домашна изолација.



МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА
Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет